Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет-Скопје
Бр. 03-231/69
2.9. 2025 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ
2.9.2025 год.

Врз основа на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во учебната 2025/2026 година (глава III, точка 4), постапувајќи по приговорот од кандидатката со број на електронска пријава бр. 124051 и архивски бр. 03-231/51 од 1.9.2025, пријавена на Конкурсот во првиот уписен рок, Конкурсната комисија на 2.9.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

I. Приговорот од кандидатката со број на електронска пријава бр. 124051 и архивски бр. 03-231/51, СЕ ОДБИВА како - НЕОСНОВАН.

II. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение:**

1. По направениот увид во постапката на конкурирање на кандидатката, како и кај резултатите објавени во прелиминарната ранг листа НЕМА технички грешки или пропусти.

   При конкурирањето на Архитектонскиот факултет кандидатите може да освојат најмногу 100 поени, каде успехот од средното образование учествува со 60%, а успехот постигнат на тестот за склоност за студирање архитектура учествува со 40%. Пресметката на бодовите од успехот во средното образование се врши на следниов начин: бодовите од успехот од средното образование се добиваат согласно точките 5.а.1 и 5.а.2 од Конкурсот. Вкупниот добиен збир се множи со коефициент 0,6. По оваа основа може да се добијат најмногу 60 поени, а кандидатката освоила 53,005 поени. На Тестот за утврдување склоност за студирање архитектура кандидатката освоила 29 поени и со вкупно 82,005 поени (53,005+29) била распределена на 26 место на листата Редовни студенти со школарина (Приватната квота).

   Согласно горенаведеното, Конкурсната комисија утврди дека кај резултатите објавени во прелиминарната ранг листа НЕМА технички грешки во пресметаните поени од успехот од средното образование и Тестот за утврдување склоност за студирање архитектура.

2. Во делот од приговорот кој се однесува на можноста за распределба на кандидатката во дополнителна квота, како припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, Конкурсната комисија на Архитектонскиот факултет се обрати со барање за мислење до Универзитетската конкурсна комисија. На седницата одржана на 2.9.2025 година, Универзитетската конкурсна комисија го разгледа барањето доставено на 1.9.2025 година од Конкурсната комисија на Архитектонскиот факултет и утврди дека:

Конкурсната комисија на Архитектонскиот факултет постапила согласно конкурсните услови во однос на запишувањето на кандидатката со број на електронска пријава 124051.

Во образложението на Универзитетската конкурсна комисија е наведено дека: Согласно Одлуката на Владата на РСМ за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во РСМ во прва година во учебната 2025/2026 година (бр. 50-4388/9 од 27.5.2025 година, Сл. весник бр. 109 од 30.5.2025 г.), во Конкурсот за запишување студенти се предвиде за обезбедување правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, на високообразовните установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во учебната 2025/2026 година дополнително да се запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број да не е повисок од 10% од вкупниот број студенти кои се запишуваат во прва година – прв циклус студии на ниво на факултет. Притоа, во рамките на овој процент, соодветно треба да бидат застапени припадниците на сите заедници, до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Северна Македонија.

При тоа, процентот на студентите - припадници на овие заедници, заедно во државната и во дополнителната квота, треба да биде до процентот на застапеноста на соодветната заедница во вкупното население на Република Северна Македонија.

Имајќи ги предвид Конкурсните услови, програмата за рангирање во I-know системот задолжително:

- прво ги рангира сите кандидати по вкупниот број на бодови;
- потоа проверува дали процентот на студентите - припадници на овие заедници, кои се рангирани, заедно во двете квоти, е еднаков на процентот на застапеноста на соодветната заедница во вкупното население на Република Северна Македонија;
- доколку процентот не е задоволен, програмата ја проширува листата на кандидати кои имаат право да се запишат со дополнителна квота за да се задоволи условот припадниците на заедниците кои не се мнозинство во РСМ да учествуваат до 10% во вкупниот број студенти кои се запишуваат во прва година – прв циклус студии на ниво на факултет.

Универзитетската конкурсна комисија смета дека не постои можност да се излезе во пресрет на барањето на кандидатката да биде запишана со школарина од 200 евра бидејќи и да имало можност да биде рангирана надвор од квотата по основ на национална припадност, со оглед дека има освоено помалку бодови од последниот запишан кандидат во државната квота, секако ќе требало да плати школарина од 400 евра.

Конкурсна комисија,

Проф. д-р Ана Ивановска Дескова, претседател

Проф. д-р Јован Ивановски, член

Проф. д-р Александар Радевски, член